МАКПЕТРОЛ АД

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи;**

  Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат;**

  Во овој период, МАКПЕТРОЛ АД Скопје оствари **вкупен приход** во износ од 22,0 милијарди денари, кој е поголем од минатогодишниот за 3,2 милијарди денари, односно остварен е пораст од 17,0%. Во структурата на приходите, најголем удел имаат приходите од продажба со учество од 98,6%, коишто приходи се остваруваат 93,7% со продажба на домашниот пазар.

  Во истиот период, остварени се **вкупни расходи** во висина од 21,1 милијарди денари што претставува зголемување во однос на минатата година за само 2,7 милијарди денари или 14,4%.

  На крајот на овој период, Друштвото оствари позитивни финансиски резултати искажани преку **добивка** пред оданочување во износ од 854,9 милиони денари, односно добивка по оданочување во износ од 778,1 милиони денари, која е 2,6 пати поголема од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 301,8 милиони денари.

  Висината на остварената добивка во 2018 година по квартали, како и вкупната добивка се искажани во следниов графикон:




Основни **причини** за остварената **добивка** се следниве:

1. **Задржана вкупна продажба** на енергенси во малопродажбата, особено во продажбата на светлите деривати и метанот на ниво на минатогодишната рекордна продажба и значително зголемување на прометот на останатиот малопродажен асортиман (ДАС).
   **Трендот** на пораст на прометот на малопродажните објекти во извештајниот периодот е прикажан во следнава табела:

**ПРОМЕТ НА МАЛО ПО КВАРТАЛИ ВО 2018 ГОДИНА**

**во тони**

| | 2018 | | | | | 2017 | Индекс 18/17 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I Квартал | II Квартал | III Квартал | IV Квартал | Вкупно | | |
| бензини | 9.900 | 12.537 | 15.496 | 12.039 | 49.972 | 52.118 | 96 |
| дизели | 37.018 | 45.672 | 54.680 | 44.265 | 181.635 | 180.402 | 101 |
| бутан пропан | 886 | 909 | 1037 | 1103 | 3.935 | 3.377 | 117 |
| автоплин | 3.723 | 4.383 | 4.729 | 4.215 | 17.050 | 16.412 | 104 |
| метан | 59 | 93 | 118 | 133 | 403 | 179 | 225 |
| вкупно | 51.586 | 63.594 | 76.060 | 61.755 | 252.995 | 252.488 | 100 |

2. **Зголемување** на приходи од продажба на странски пазар за 33% при што е постигнат позитивен **нето-девизен ефект** од 10,475 мил. евра;
3. **Зголемување** на оперативната добивка за цели 158%;
4. **Зголемување** на приходи од вложувања, камати и курсни разлики во однос на истиот период од минатата година за 60%;

5. **Зголемување** на останатите оперативни приходи за 46% при што најголемо учество имаат наплатените резервирани побарувања;
6. **Негативно** влијание врз остварената добивка е најизразено кај **зголемувањето** на расходите за вредносно усогласување на тековните и на нетековните средства, како и кај расходите по основ на камати.

- **Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

На 16.7.2018 година извршивме исплата на дивиденда во бруто-износ од 108 милиони денари или 1.000 денари во бруто-износ по акција.

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

Во овој период извршени се вложувања во нетековни средства во износ од 421,8 милиони денари, а од друга страна немаме продажба или значителен отпис на истите.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

Нема промени во кредитната изложеност поголеми од 30%, а Друштвото, за време на деловното работење во севкупниот извештаен период, не дошло во ситуација да има доспеани, а ненамирени **обврски** по кој било основ (**кредити, обврски спрема добавувачи, јавни давачки и плати на вработени**).

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

Остварениот финансиски резултат е 96% над **планираниот**.
Во наредната година очекуваме добивката да се остварува во рамките на планираната.

- Бројот на вработените лица во Друштвото е зголемен за **58 вработени** поради активирање на нови и проширување на постојни продажни објекти.